# НЕДЕЛЕН БИЛТЕН НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

++3892 2652 580
www.sutoorizari.gov.mk

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НОВА ЕКОЛОШКА УРБАНА ОПРЕМА ЗА СОБИРАЊЕ ОТПАД






Градоначалникот Курто Дудуш присуствуваше на презентација на нова, еколошки – електрична урбана опрема за собирање на отпад. Презентацијата беше организирана од Град Скопје, и на истата присуствуваше Петре Шилегов кој ги повика општините да инвестираат во хигиена на улиците и гонење на палителите на дивите депонии. Тој ги повика медиумите и сите останати чинители заедно да придонесат кон креирање на нова и повисока општествена свест бидејќи само со здружени напори на институциите градот може да биде почист. Градот Скопје доби 570 контејнери, 950 корпи, 12 машини за вакумско чистење и 10 возила за миење.

## УЛИЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛ.ВАШИНГТОНСКА, КОМПЛЕТНО НА КОЛОВОЗОТ И ТРОТОАРИ СО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРТИКАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ, СКОПЈЕ



Реконструкцијата опфаќа 1.470 м2 со асфалт за коловозот и 630м2 за тротоарите со бехатон плочки. Градежните работи опфаќаат отстранување на стариот асфалт од тротоарите и коловозот, нанесување на комплетно нов асфалт , поставување на нови рабници , а троторите ќе бидат обложени со бехатон плочи. Бидејќи станува збор за улица со висока фрекфентност која е во непосредна близина на О.У. Браќа Рамиз и Хамид и СУГС Шаип Јусиф во Шуто Оризари, на раскрсницата е планирано сообраќаен проект со вертикална и хоризонтална сигнализација.

Изведувач на проектот за улична реконструкција е АДРА ДООЕЛ Скопје, чија што прифатена понуда за спроведување на овој проект е во износ од 3.037.237 денари со пресметан ДДВ. Инвестицијата за извршување на оваа реконструкција е на Општина Шуто Оризари, и истата изнесува 3.605.283 денари кои се обезбедени преку Светска Банка. Уличната реконструкција на ул. Вашингтонска се очекува да заврши до крајот на месец октомври, а кон средината на овој месец треба да започне реконструкција и на ул. Гвадалахара на потегот од ул. Бутелски Венец до ул. Нов Живот до постојката за јавен градски превоз.



## Одбележување на ,,Недела на детето” во Општина Шуто Оризари

Вкупно 291 првачиња од десет паралелки од О.У. Браќа Рамиз и Хамид по повод – Одбележување на светската недела на детето, ја посетија локалната самоуправа.

Учениците се запознаа со работењето на Општината, со секторите на локалната самоуправа и со Градоначалникот Курто Дудуш кој ги пречека и им ги објасни своите надлежности.

Детската недела се одбележува со цел да се актуелизираат и афирмираат детските права, но и одговорноста која ја имаат институциите кон реализација на нивните потреби.



ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ,,НЕДЕЛА НА ДЕТЕТО” ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Република Северна Македонија

Министерство за труд и социјална политика

# ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ УЧЕСТВУВА НА ОБУКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ДИСКРИМИНАЦИЈА И ГОВОР НА ОМРАЗА

Општина Шуто Оризари учествуваше на шеснаесетта обука за справување со дискриминација и говор на омраза во организација на Министерството за труд и социјална политика со поддршка на Министерството за надворешни работи од Норвешка. Обуката беше наменета за државни службеници од локални самоуправи за справување со дискриминација и говор на омраза, а низ истата поминале министерства, агенции, здравствени работници и други. Обуката започна со дефинирање на нормалност, еднаквост, стереотипи и предрасуди. Исто така, беа дискутирани можните основи и видови на дискриминација, како и механизмите за заштита од дискриминација во Република Северна Македонија.

Претставник од Министерството за труд и социјална политика ги презентираше новините на предлог законот за справување и заштита од дискриминација, а претставник од организацијата Субверзивен фронт даде осврт на слободата на изразување наспроти говорот на омраза. Обуката се одржа во Клуб на пратеници.









ПРВАЧИЊАТА
ОД О.У. БРАЌА РАМИЗ И ХАМИД ДАДОА СВЕЧЕНА ЗАКЛЕТВА
ВО РАМКИ НА СВЕТСКАТА ДЕТСКА
НЕДЕЛА



## ПРВАЧИЊАТА ОД О.У. БРАЌА РАМИЗ И ХАМИД ДАДОА СВЕЧЕНА ЗАКЛЕТВА - СВЕТСКА ДЕТСКА НЕДЕЛА

*Првачињата од О.У. Браќа Рамиз и Хамид во рамки на одбележување на детската недела дадоа свечена заклетва во чест на нивните понатамошни напори за постигнување на повисоки резултати во текот на учебната година. Директорот на О.У. Браќа Рамиз и Хамид во своето излагање истакна дека ваквите настани се одбележуваат во чест на децата и нивните права. О.У. Браќа Рамиз и Хамид восоработка со локалната самоуправа и со директна поддршка на градоначалникот Курто Дудуш започна процедура на училишно реновирање, варосување, реновирање на кров и нанесување на термоизолација. Свеченaта приредба започна со рецитал на стихотворби, а заврши со свечена заклетва. Аптеките Зегин на настанот на учениците им подари постери со ромска азбука.*



Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) со соработка со Општина Шуто Оризари и основното училиште ,,Браќа Рамиз и Хамид” изведуваат – ,,Поставување на нови врати во училниците и реновирање на ѕидовите”. УСАИД учествува со вкупен буџет од 1.330.300 денари, а учеството на локалната заедницата е во износ од 4.249.200 денари. Изведувачна оваа активност е АНОЛ-ИМПЕКС, Скопје и предвиден рок на завршување на оваа активност е 20 јануари 2020 година.




СТУДИСКА ПОСЕТА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО БЕЗ ГРАНИЦИ“: МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА

Имајќи ја предвид работата, значењето и надлежностите на Општина Шуто Оризари како единствена Ромска општина во светот,Фондацијата „Барка“ од Полска и нејзините партнери оствarија директна средба со Градоначалникот Курто Дудуш, Претседателот на Општина Шуто Оризари и вработените на локалната самоуправа.

## РАБОТИЛНИЦА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Советот на млади на Општина Шуто Оризари ја заврши обуката наменета за јакнење на нивните капацитети во насока на стекнување на подобро знаење за постигнување на видливост во текот на работењето, концептите на анти-дискриминација и родова еднаквост.




## НЕДЕЛЕН БИЛТЕН НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ




